ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/28
23.01 2020 год.
Скопје

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА НУРКАЧИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување нуркачи од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување на нуркачи од последици на несреќен случај, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштавото за осигурување ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ, (во понатамошен текст: осигурувач).

Договарач на осигурување може да биде правно и физичко лице.

Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општата работа способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 4 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 2

Осигурувачот е во обврска ако несреќниот случај настане за време додека осигуреникот се наоѓа на директниот (непрекинат) пат од дома до местото на нуркање, за време на подготовките, како и за време на нуркањето и патот до враќање дома.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 3

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на есреќен случај, а доколку нивната содржина е спротивна на содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

### Член 4

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Марко Микиќ**